ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-301*
*30.06.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 33, член 49 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина Штип и Одлука Уп1Бр. 18/24-301 од 29.05.2025 година Градоначалникот на Општина Штип го доставува следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на Стручна расправа и јавна презентација со јавна анкета и Јавна презентација и јавна анкета**

Се известуваат граѓаните на општина Штип дека градоначалникот на општина Штип донесе Одлука за организирање на Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа и Јавна презентација и Јавна анкета за ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП ЗА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ С3.06, ЦЕ 05.01 - ДЕЛ, ЦЕ 04.01 - ДЕЛ СО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.06, КО ШТИП 1, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП, Нацрт План, изработен од ПАРАМЕТАР ДООЕЛ - СКОПЈЕ, со тех.бр. 04-73/2024 од март 2025.
На северозапад границата на планскиот опфат се движи по осовината на планираната по ГУП улица "Вељко Влаховиќ"
- На североисток границата се движи по планираната по ГУП улица "Гоце Делчев"
- На југоисток границата се движи по осовината на река Брегалница 17
- На запад границата се движи по осовината на планираната по ГУП улица Новопроектирана собирна улица 5"
- На југ границата се движи по осовината на планираната по ГУП "Новопроектирана собирна улица 6"
- На југ границата се движи по осовината на планираната по ГУП улица "Димитар Влахов".
Површината на дадениот плански опфат изнесува 107,549 ха.

Во предметниот плански опфат се предвидува зона за градби со намена:
- А - ДОМУВАЊЕ
- А1 – Домување во семејни куќи
- А2 – Домување во станбени згради
- Е-ИНФРАСТРУКТУРА
- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури
- Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија

74
- Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
- Д1 – Парковско и пејзажно зеленило
- Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило
- Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини
- РЕКА

**Соопштението за стручната расправа и јавна презентација со јавна расправа** се објавува преку системот е-урбанизам, на веб страната на општина Штип, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**Соопштението за Јавната анкета со јавна презентација** се објавува преку системот е-урбанизам, на веб страната на општина Штип, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ИЗМЕНА НА ГУП** ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јули 2025 (среда) до 14 август 2025 год (четврток). **ЈАВНАТА РАСПРАВА** ќе се одржи на 15 август 2025 (вторник) во 10:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип, додека **СТРУЧНАТА РАСПРАВА** ќе се одржи на 21 август (четврток) во 10:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДУП** ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јули 2025 (среда) до 14 август 2025 год (четврток). **ЈАВНАТА АНКЕТА** ќе се одржи на ден 24 јули (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Учесниците во стручната расправа можат да ги достават своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа.

Учесниците во јавната анкета можат своите забелешки и предлози по Нацрт планот да ги достават на донесувачот во писмена форма преку анкетни листови, преку информацискиот систем е-урбанизам, како и по електронски пат на официјалната електронска адреса gradonacalnik@stip.gov.mk.

Анкетните листови за учество во јавната анкета заинтересираните лица можат да ги подигнат во просториите на општина Штип, и на веб страната на општина Штип.

Подетални информации во врска со ОБЕДИНЕТА ПОСТАПКА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП ЗА ГРАД ШТИП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ С3.06, ЦЕ 05.01 - ДЕЛ, ЦЕ 04.01 - ДЕЛ СО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.06, КО ШТИП 1, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП ќе можат да се добијат во просториите на општина Штип, Одделение за урбанизам.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*